У-5.бр.1977/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Елмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на одделение, решавајќи по тужбата на тужителот МАКПЕТРОЛ АД – Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-772/7 од 19.11.2019 година, од областа на јавните набавки, на седницата одржана на 27.02.2020 година донесе

# П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот МАКПЕТРОЛ АД – Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-772/7 од 19.11.2019 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.08-772/7 од 19.11.2019 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја уважила жалбата поднесена од економскиот оператор – сега тужителот МАКПЕТРОЛ АД – Скопје и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.18.1-78387/1 од 07.10.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.04640/2019 за набавка на стоки – Еуросупер 95 на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, така што предметот го вратила на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување, поради суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека тужениот орган согласно членот 109 став 3 од Законот за јавните набавки, требал да ја уважи целосно или да ја одбие жалбата на тужителот, а не како во конкретниот случај делумно да ја уважи. Истакна и дека до денот на отварање на понудите ја доставил целокупната документација која се барала согласно Тендерската документација, а со тоа и бараниот Сертификат за квалитет на горивото издаден од независна институција за контрола на квалитет, согласно точката 4.1.1, издаден од „Макинспект“ ДОО – Скопје, како и согласно бараните стандарди за издавање на ваков вид на сертификати: МКС EN ISO/IEC 17020:2012 и МКС EN ISO/IEC 170025:2006, со што неговата понуда била прифатлива, додека оспореното решение со кое е извршен избор на најповолна понуда не содржи никакво образложение во поглед на причините за отфрлање на понудата на тужителот. Дополни и дека субјектот кој го издал бараниот сертификат на тужителот, „Макинспект“ ДОО – Скопје, претставува акредитирано тело за што поседува Сертификат за акредитација бр.ИТ-016 од 04.03.2009 година издаден од

Институтот за акредитација на Република Македонија со важност до 03.03.2021 година.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавни набавки и со Известување У-5.бр.1977/2019 од 27.01.2020 година го повика економскиот оператор – ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ – Скопје како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба во рок од 8 дена од денот на приемот, кое иако било уредно примено на 10.02.2020 година, до денот на одржаната седница не достави свој одговор.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Министерството за внатрешни работи спровел постапка за јавна набавка со објавен Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.09751/2019 за набавка на стоки – Еуросупер 95, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.18.1-57825/1 од 22.07.2019 година. Набавката била не делива, а постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН и било предвидено да заврши со спроведување на Е – Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена економски најповолната понуда – најниската цена, а од понудувачите било побарано да доставаат Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 5%. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите – 22.08.2019 година пристигнале вкупно три понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отварањето на понудите бр.18.1-64555/1 од 22.08.2019 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите, прифатливите понуди биле поканети на е-аукција, по што врз основа на генерираниот Извештај од текот на е-аукцијата и Извештајот од спроведена постапка, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ – Скопје, по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.18.1-78387/1 од 07.10.2019 година.

Незадоволен од оваа одлука, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки изјавил економскиот оператор – сега тужителот МАКПЕТРОЛ АД – Скопје, по која било донесено оспореното Решение бр.08-772/7 од 19.11.2019 година со кое била уважена жалбата и поништена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.18.1-78387/1 од 07.10.2019 година и предметот бил вратен на повторно одлучување и постапување, со образложение дека жалбените наводи во однос на финансиската понуда на избраниот понудувач ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ – Скопје биле основани, од причина што понудената цена на избраниот понудувач (35,83 денари) била значително повисока од

максималната цена утврдена со Одлука од 19.08.2019 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги (34,42 денари), што значи и спротивна на условите предвидени во Тендерската документација и Законот за јавни набавки, како и неусогласена со Законот за енергетика и Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт, а од причина што никој во државата не смее да утврдува и продава нафтени деривати со повисока цена од цената утврдена со одлука од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, така што имајќи ја предвид количината на предметот на набавката – 2.000.000 литри Еуросупер, избраниот понудувач понудил крајна цена од 71.670.000,00 денари, додека највисоката цена согласно одлуката би изнесувала 68.846.000,00 денари. Во делот на жалбените наводи со кои жалителот укажал дека понудил Сертификат за квалитет на горивото издаден од независна институција за контрола на квалитет, согласно точката 4.1.1, издаден од „Макинспект" ДОО – Скопје, како и согласно бараните стандарди за издавање на ваков вид на сертификати: МКС EN ISO/IEC 17020:2012 и МКС EN ISO/IEC 170025:2006, со што неговата понуда била прифатлива, биле одбиени како неосновани, од причина што доставениот сертификат од страна на тужителот не претставувал сертификат од независна институција, иако издаден од „Макинспект" ДОО – Скопје како акредитирано тело за што поседува Сертификат за акредитација бр.ИТ-016 од 04.03.2009 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија со важност до 03.03.2021 година, овој субјект не претставува независна институција во однос на жалителот, бидејќи жалителот МАКПЕТРОЛ АД – Скопје кој се јавува и како понудувач – сопственик во конкретната постапка на предметот на набавката, но и сопственик на акредитираното тело кое го издало сертификатот кој го приложил жалителот, а сега тужител кон својата понуда, така што било во спротивност со точката 4.1.1. став 1 од Тендерската документација според која „техничката понуда треба да содржи податоци за производителот и сертификат за квалитет на гориво издаден од страна на независна институција за контрола на квалитет".

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 109 став 7 од Законот за јавните набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите делумно ја уважил жалбата на економскиот оператор – сега тужител МАКПЕТРОЛ АД – Скопје и ја поништил Одлуката за избор на најповолна понуда бр.18.1-78387/1 од 07.10.2019 година, со обазложение дека жалбените наводи во однос на финансиската понуда на избраниот понудувач биле основани, додека жалбените наводи по однос на бараниот сертификат согласно точката 4.1.1. од Тендерската документација биле неосновани.

Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно позитивната законска регулатива во дадена област, Судот утврди дека тужениот орган правилно постапил кога ги уважил жалбените наводи по однос на финансиската понуда на избраниот понудувач – ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ – Скопје, од причина што финансиската понуда на овој економски оператор не била формирана согласно законсата регулатива во дадената област, со детално образложение во оспореното решение кои биле причините за уважување на овие жалбени наводи, како и насоки за понатамошно постапување на договорниот орган при повторното одлучување.

Исто така Судот смета дека тужениот орган правилно одлучил кога не ги прифатил како основани жалбените наводи по однос на бараниот сертификат согласно точката 4.1.1. од Тендерската документација, од причини што понудениот сертификат на жалителот – сега тужител, иако издаден од субјектот „Макинспект“ ДОО – Скопје како акредитирано тело за што поседува Сертификат за акредитација бр.ИТ-016 од 04.03.2009 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија со важност до 03.03.2021 година, овој субјект не претставува независна институција во однос на жалителот, бидејќи жалителот МАКПЕТРОЛ АД – Скопје кој се јавува и како понудувач – сопственик во конкретната постапка на предметот на набавката, но и сопственик на акредитираното тело кое го издало сертификатот кој го приложил жалителот, односно зависно друштво во однос на тужителот МАКПЕТРОЛ АД – Скопје согласно членовите 495 и 496 од Законот за трговските друштва, така што било во спротивност со точката 4.1.1. став 1 од Тендерската документација според која „техничката понуда треба да содржи податоци за производителот и сертификат за квалитет на гориво издаден од страна на независна институција за контрола на квалитет“.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги одби како неосновани, од причини наведени во образложениеto на оваа одлука.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управен суд на 27.02.2020 година, под У-5.бр.1977/2019.

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител / и
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * УПРАВЕН СУД * СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * GJYKATA ADMINISTRATIVE * SHKUP

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник

РН /